# Поврзување со семејствата



Донесување на принципите на учењето во раното детство во вашата заедница

Проектот на практиката основана врз ресурсите на принципите на учењето во раното детство е финансирана од Австралиската Влада преку Министерството за Образование, Вработување и работни односи.  Ресурсите се развиени од Community Child Care Co-operative Ltd (NSW) за да овозможат поддршка за воспитувачите на раното детство да го воведат Принципот на учење во раното детство.

Со исклучок на Грбот на федерацијата, логото на министерството, било каков материјал заштитен со трговската марка и каде е експлицитно наведено поинаку целиот материјал презентиран во овој документ е овозможен со дозвола од *Creative Commons Attribution 3.0* Австралија *(http://creativecommons.org/licenses/by/3.0/au/)*.

Деталите од условите на релевантната дозвола се достапни на веб-страната *Creative Commons* (користејќи ги линковите кои се овозможени овде) како и целосниот легален код за дозволата *CC BY 3.0 AU (http://creativecommons.org/licenses/by/3.0/au/legalcode)*.

Документот мора да биде означен како Практика основана врз ресурсите на принципите на учењето во раното детство *(Early Years Learning Framework Practice Based Resources )*– Поврзување со семејствата: Донесување на принципите на учењето во раното детство во вашата заедница.

ISBN: 978-0-9873543-1-0

Како воспитувачи во раното детство, односите се во сржта на сè што правиме.

Вистински, позитивни врски со деца, семејства и едно со друго се суштински ако сакаме да постигнеме позитивни резултати.

Кога размислуваме за врски, обично прво помислуваме на врските со децата. Меѓутоа односите и партнерствата кои што ги градиме со семејствата се исто толку важни.

Работењето со родителите е наградувачко, предизвикувачко и секогаш полно со можности.

Најдобрите резултати за децата се случуваат кога воспитувачите и членовите на семејството работат заедно:

> “Децата напредуваат кога семејствата и воспитувачите работат заедно во партнерство за да го поддржат учењето на децата.“

*(Early Years Learning Framework, p.9)*


BEN 10
ALIEN FORCE



# „Кога го запишувате детето вие всушност го запишувате семејството“ [1]

Децата не егзистираат во изолација.

Секое дете, пред сè, е член на семејство. Родителите и други членови на семејството се први и најважни учители на детето.

Кога работиме со некое дете, ние исто така работиме со нивното семејство, а често, исто така и со поширокатa заедница.

Ние исто така, мора да размислуваме како да овозможиме вистински можности за семејствата да бидат вклучени, и да придонесат во учењето на детето.

Пред такво вклучување да може да се случи ние треба да размислиме како им помагаме на семејствата да се чувствуваат дел од она што правиме.

[1] Intoual, A., Kameniar, B. & Bradley, D. (2009) (Криење на добрите нешта: приказни за гостопримство и копнеж) во градинка со разни раси- Bottling the good stuff: stories of hospitality and yarnin'. Австралиско-азијски весник на образованието на раното детство, 34 (2), 24-30.



Припаѓање е исто толку важно за членовите на семејството колку што е и за децата кои се во наша грижа.

Чувството на припаѓање и добредојденост е од суштинско значење ако семејствата треба да се чувствуваат удобно кога се под нашата услуга, а камо ли да чувствуваат дека можат да придонесат кон она што го правиме.

Децата учат како да реагираат гледајќи како реагираат членовите на семејството. Ако семејствата се чувствуваат среќни и добредојдени тогаш и децата ќе се чувствуваат исто.



Бидејќи знаеме дека вклученоста на семејствата е многу важна, понекогаш ние очекуваме премногу. Ги прашуваме семејствата да дадат коментари за принципите и процедурите или да дадат редовни придонеси во нашите програма.  Таквите повратни информации и придонес се значајни, но ако очекуваме сите семејства да бидат вклучени во таквите формални начини ние би биле разочарани.  Има различни начини да се биде вклучен и ние треба да слушаме и потоа да научиме како најдобро да ги вклучиме семејствата.

**Преку секојдневните односи со членовите на семејствата е начинот на кој што ние ја градиме основата за успешни партнерства.**

**Кога ќе покажеме вистински интерес за запознавање на секое дете и неговото семејство како поединци ние креираме чувство на припадност и на партнерство.**

Позитивни односи се изградени преку точки на поврзување.

Како воспитувачи во раното детство ние веќе имаме една многу очигледна точка на поврзување со секој член на семејството – нивното дете.

За да изградиме вистинска поврзаност, треба да одвоиме време за да оствариме значајни разговори со семејствата за нивните деца.





Кога семејствата ни ги доверуваат нивните деца во наша грижа тие сакаат да знаат, пред сè, дека ние сме грижливи и веродостојни – дека нивните деца ќе бидат во ред додека се со нас.



Семејствата исто така обрнуваат внимание да видат дека ние навистина знаеме кое е нивното дете; дека знаеме што тие сакаат и што не сакаат; дека одвоивме време за да ги запознаеме како поединци.




Семејствата сакаат да видат дека ние ги имаме способностите и знаењето за да знаеме како да им помогнеме да го истакнеме најдоброто во нивното дете.



Кога разговараме со семејствата важно е да напреднеме кон повеќе отколку секојдневните поздрави и збогувања, да изградиме длабока поврзаност и разбирање. Ова е нашата шанса да им покажеме на семејствата дека го знаеме нивното дете и дека знаеме што правиме.

Ако нашите разговори се ограничени на „ Сара имаше добар ден денес“ или „ Тоби се забавуваше во песокот“ тогаш семејствата добиваат мала претстава од она што всушност го правиме. Кога одвојуваме време да разговараме подлабоко за интересите на децата и нивното учење, тоа им дава внатрешен поглед на семејствата во денот на сопственото дете, како и важноста на нашата улога како воспитувачи.



Односите се комплексни. Ако помислиме на некој предизвикувачки однос што сме го имале со некое семејство, тоа само не потсеќа на важноста на градење на позитивни односи.

Односите со семејствата се важни и задоволувачки кога работиме во партнерство за да го поддржиме детското учење. Преку барање на можности за да разговараме со семејствата и да делиме информации за нивното дете, ние можеме да градиме односи на доверба кои им остваруваат чувство на припаѓање на децата и семејствата.



Ако навистина сакаме да работиме добро со децата тогаш партнерствата со семејствата не се земени како опција. Одвојување на време за градење на односи со семејствата е од суштинско значење.

# Градење на односи

Понекогаш наједноставната работа е таа што прави голема разлика.

- **Речи здраво како да го мислиш тоа –** Поздравите се важни.  Дури и кога веќе сте рекле здраво дваесет пати, направете тоа да звучи како прв пат. Со кој и да разговарате ќе го цени тоа.
- **Научете ги имињата на луѓето –** Користењето на името на некого кога разговарате со нив прави непосредна поврзаност и покажува интерес кон нив како луѓе.
- **Направете го првиот чекор –** Не чекајте семејствата да дојдат кај вас. Превземајќи ја водечката улога за поздравување и иницирање на разговор ја става другата личност во леснотија – посебно ако тие се чувствуваат срамежливи или вознемирени.
- **Поделете нешто реално за денот на детето –** Во разговори со семејните членови, најдете нешто вистинско да споделите за денот на детето. Не само дека имале „добар ден“, но нешто што покажува дека сте заинтересирани во тоа што нивното дете направило. За семејствата чувството дека вистински се грижите и сте заинтересирани за нивното дете прави голема разлика.
- **Бидете подготвени да слушате и да зборувате –** Семејствата не почитуваат нас како воспитувачи повеќе кога ние покажуваме дека ги цениме нивните идеи и мислења. Во  вистински врски се  дава и зема – отколку едната страна да го прави сето разговорање, а другата само слушањето.
- **Ставете се вие во позиција на другиот –** Може да биде лесно да се судат други. Но пред да го сторите тоа, обидете се да се ставите во чевлите на другата личност за момент. Размислете за тоа како би се чувствувале во истата ситуација. Семејствата само се обидуваат да го сторат најдоброто за нивните деца. Размислете како можете да им помогнете да го сторат тоа.

# Родителска перспектива

„Како воспитувач во раното детство, јас секогаш мислев дека имав добри односи со семејствата со кои работев. Сеуште мислам така, но тоа што сум родител ми даде различна перспектива за тоа што значат односите родител – воспитувач и колку тие се важни.

Како родител јас сакам да знам дека моето дете е згрижено – дека некој ќе се грижи за него, некој ќе го теши кога ќе е тажно и исто така ќе ја сподели неговата возбуда во наоѓање на нешто ново или правење на нешто за прв пат.

Како родител јас сакам да се чувствувам добредојдено кога ќе влезам во вратата – сакам некој да се насмевне и да ми рече здраво мене и на моето дете. Јас знам, бидејќи сум го доживеал/а тоа, колку може да биде зафатено, но сега ценам што значи некој да одвои време за да ми каже нешто значајно за денот на моето дете и да ми покаже дека го „разбирам“ - дека вие знаете што сака и што не сака, во што е добар и во што не е, што ќе јади и што нема да јади – сите тие мали нешта што го прават тоа што е.

И конечно, јас сакам да се чувствувам дека се грижите како е – дека заедно мислиме за неговата иднина и му помагаме да стигне таму. И знам дека тоа е потешко за вас, бидејќи вие треба да мислите за многу деца, а јас мислам само за едно. Но, кога едноставните секојдневни нешта што ги правите ми покажуваат дека вие се грижите и дека покрај сè што се случува, вие го знаете моето дете и мене и нашето семејство, тогаш е одлично кога ќе помислам дека сите ние сме на иста станица.“




MAN OF THE MATCH


a time to be
TOGETHER